# ИНФОРМАЦИИ ЗА ПРАВАТА НА СУБЈЕКТИТЕ НА ПОДАТОЦИ

**Значење на употребените изрази:**

**Македонско кредитно биро АД Скопје** е акционерско друштво, кое врши собирање и обработување на податоци за обврските на субјектите, со цел да обезбеди извештаи за задолженоста и редовноста во исполнувањето на обврските од страна на Субјектот на податоците.

**Субјект на податоци** е секое домашно или странско, правно или физичко лице на кое се однесуваат обработените податоци.

**Давател на податоци** е секое лице кое доставува податоци за обврските на правни и физички лица до Македонското кредитно биро.

**Корисник на податоци** е лице кое ги користи извештаите од Македонското кредитно биро.

**Извештај** е документ во писмена или електронска форма, изготвен од страна на Македонското кредитно биро, врз основа на собраните податоци за обврските на Субјектите на податоци.

**Досие** се сите податоци за поединечен Субјект на податоци што се евидентирани и задржани од страна на Македонското кредитно биро, без оглед на формата во која се чуваат податоците.

## ПОДАТОЦИ ВО МАКЕДОНСКОТО КРЕДИТНО БИРО

- Во Македонското кредитно биро се доставуваат податоци за лица кои се однесуваат на обврски по кредити, гаранции, акредитиви, заеми, платежни картички, финансиски лизинг, осигурување, обврски по основ на даноци, обврски за телекомуникациски услуги, обврски за услуги од областа на енергетиката, комунални давачки, такси, придонеси, како и обврски по основ на користење на други услуги.
- Податоците се доставуваат во електронска форма, заштитени на начин така што да не бидат читливи при преносот.
- Даватели на податоци во Македонското кредитно биро можат да бидат:
  - ❖ банки,
  - ❖ штедилници,
  - ❖ осигурителни друштва,
  - ❖ друштва за финансиски лизинг,
  - ❖ други даватели на кредити,
  - ❖ друштва за работа со платежни картички,
  - ❖ Управата за јавни приходи,
  - ❖ Централниот регистар на Република Македонија
  - ❖ Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Македонија,
  - ❖ градот Скопје и единиците на локална самоуправа,
  - ❖ даватели на услуги од областа на комуналните дејности, енергетиката, телекомуникациите и
  - ❖ други трговски друштва кои даваат услуги по основ на кои настануваат обврски за правните и физичките лица.

## ОБРАБОТКА НА ПОДАТОЦИТЕ И ИЗГОТВУВАЊЕ ИЗВЕШТАИ

- Македонското кредитно биро ги обработува добиените податоци и изготвува извештаи.
- Македонското кредитно биро не смее да изготви извештај за Субјектот на податоци без да постои барање од Корисник на податоци или од Субјектот на податоци.
- Македонското кредитно биро издава извештаи за фактичката состојба на обврските на Субјектот на податоци врз основа на добиените податоци од Давателите на податоци и не воведува критериуми за дефинирање на категории на Субјекти на податоци.
- Македонското кредитно биро изготвува два вида на извештаи:
  1. Кориснички извештаи и
  2. Сопствен извештај.

## Кориснички извештај

- Корисничкиот извештајот се изготвува на Барање на Корисник на податоци и содржи исклучиво податоци што се однесуваат на Субјектот на податоците. Податоците за други лица кои на било кој начин се поврзани со Субјектот на податоци, вклучувајќи ги и податоците за жирантите, кокредитобарателите и солидарните должници, не смее да бидат содржани во извештајот. Тој, исто така, не содржи податоци за идентитетот на Давателите на податоци до Македонското кредитно биро, ниту за обврските на Субјектот на податоци кон одделните Даватели на податоци.
- Корисници на Кориснички извештај од Македонското кредитно биро можат да бидат:
  - ❖ Банки, филијали на странски банки и филијали на банки од земји членки на Европската унија;
  - ❖ штедилници;
  - ❖ осигурителни друштва;
  - ❖ друштва за финансиски лизинг;
  - ❖ други даватели на кредити;
  - ❖ друштва за работа со платежни картички;
  - ❖ даватели на услуги од областа на комунални дејности, енергетика, телекомуникации;
  - ❖ други трговски друштва кои даваат услуги по основ на кои настануваат обврски за правните и физичките лица.
- Македонското кредитно биро овој извештај го дава исклучиво во електронска форма заштитен на начин така што да не бидат читливи при преносот.

# ИНФОРМАЦИИ ЗА ПРАВАТА НА СУБЈЕКТИТЕ НА ПОДАТОЦИ

## Сопствен извештај

- Сопствен извештај се изготвува на писмено Барање на Субјектот на податоци. Тој ги содржи сите обврски на Субјектот на податоци кои се пријавени од Давателите на податоци со идентификација на Давателите на податоци, како и на Корисниците на податоци кои побарале извештај од Македонското кредитно биро за тој Субјект.
- Начинот на доставување на Сопствениот извештај од Македонското кредитно биро го избира лицето при поднесување Барање за добивање на Сопствен извештај, кој може да биде:
  - со лично преземање од Македонското кредитно биро;
  - по пошта, со обична или препорачана пошта и
  - во електронска форма, заштитени на начин така што да не бидат читливи при преносот.

## ПРАВА НА СУБЈЕКТИТЕ НА ПОДАТОЦИ

- Право гарантирано со Законот за кредитно биро е дека Македонското кредитно биро може да подготви и да достави извештај до Корисник на податоци исклучиво врз основа на претходна писмена согласност дадена од страна на Субјектот на податоци во писмена форма.
- Субјектот на податоците може со писмена изјава и да ја повлече дадената согласност за изработка и доставување на извештаи дадена на Корисникот на податоци. Писмената изјава се поднесува кај Корисникот на податоци кај кого е дадена согласноста.
- Македонското кредитно биро, врз основа на писмено Барање, без надомест ќе го информира Субјектот на податоци за:
  - дали се врши обработка на неговите лични податоци;
  - целите и правната основа на обработката на личните податоци;
  - податоци од Досието на Субјектот на податоци; за личните податоци на Субјектот на податоци, изворите на податоците и идентитетот на Давателите на податоци и
  - идентитетот на секој Корисник на податоци кој добил извештај за субјектот на податоци во текот на една година пред датумот на кој е доставено Барањето од Субјектот на податоци.
- За информирање на Субјектите, Македонското кредитно биро има воспоставено посебна телефонска линија 02/3251-291 која е достапна секој работен ден од 09 до 16 часот.

## ОСПОРУВАЊЕ НА ПОДАТОЦИ

- Субјектот на податоците има право, откако соодветно ќе се идентификува, од Македонското кредитно биро да бара копија од извештај кој е веќе изготвен за потребите на одреден Корисник на податоци и може да ја оспори точноста и целосноста на кој било податок содржан во извештајот. Оспорувањето може да го направи и врз увид на побаран Сопствен извештај за него лично.
- Субјект на податоци може да започне постапка за оспорување на одредени податоци со пополнување на образецот „Барање за исправка – дополнување на податоци“, кој може да го поднесе кај:
  - Членка на Македонското кредитно биро и
  - Македонското кредитно биро
- Членките кои ќе примат рекламација од Субјект на податоци се должни веднаш, во електронска форма, рекламацијата да ја проследат до Македонското кредитно биро. Македонското кредитно биро по примената рекламација:
  - ја проверува целосноста на барањето;
  - доколку податокот во меѓувреме е ажуриран од страна на Давателот на податоци, при што е исполнето барањето на субјектот, Македонското кредитно биро ја прифаќа фактичката состојба и писмено го известува Субјектот на податоци;
  - доколку Барањето е нејасно или недостасува битен елемент, Македонското кредитно биро може да ја одбие рекламацијата и за тоа писмено го известува Субјектот на податоци;
  - ја евидентира рекламацијата во Досието на Субјектот на податоците;
  - во рок од 5 работни дена по приемот ја проследува рекламацијата до Давателот на податоци од кој потекнува оспорениот податок;
  - до разрешување на рекламацијата во извештаите за Субјектот на податоците обврските за кои има оспорени податоци ги означува како оспорени.
- Давателот на податоци кој од Македонското кредитно биро ќе прими рекламација:
  - врши проверка на точноста и целосноста на оспорениот податок;
  - ги проверува сите релевантни податоци;

– во рок од 10 дена од приемот на рекламацијата ги соопштува резултатите од проверката на Македонското кредитно биро.

- Доколку, Давателот на податоци ја прифати рекламацијата од Субјектот на податоци врши исправка на податокот со назнака дека исправката е по рекламација, а Македонско кредитно биро ги внесува корекциите во базата на податоци и ги известува Корисниците на податоци кои повлекле извештај за Субјектот на податоците во последните 2 месеци, доставувајќи им нов коригиран извештај без надомест.
- Доколку Давателот на податоците не ја прифаќа рекламацијата и тврди дека податокот е точен, Македонско кредитно биро ја отстранува забелешката „оспорена обврска“ од извештаите и го известува Субјектот на податоците;
- Доколку Давателот на податоците не одговори на рекламацијата во определениот рок од 10 дена, Македонско кредитно биро нема да ја објавува оспорената обврска во извештајот, сÊ до добивањето одговор на рекламацијата од Давателот на податоците, а во извештајот ќе стои информација дека обврската (со наведување на нејзиниот референтен број) е во постапка на рекламација кај Давателот на податоците.
- Македонско кредитно биро писмено го известува Субјектот на податоци за прифаќањето, односно неприфаќањето на рекламацијата од страна на Давателот на податоците.

## ЗАШТИТА И ЧУВАЊЕ НА ПОДАТОЦИТЕ

- Податоците и извештаите за поединечните лица кои се стекнати при вршење на кои било активности на Македонското кредитно биро, претставуваат деловна тајна која Македонското кредитно биро, сите Даватели на податоци и Корисници на податоци се должни да ја заштитат и чуваат.
- Сите лица кои имаат пристап до податоците и извештаите обврзани се да ги чуваат и да ги користат исклучиво за целите за кои се добиени и не смеат да ги откријат на трети лица.
- Обврската за чување на тајноста на податоците не се однесува во следниве случаи:
  - ако со закон е пропишано објавување или доставување на податоците и информациите,
  - лицето дало писмена согласност за откривање на податоците и
  - по писмено барање од суд.
- При обработката, чувањето и преносот на добиените податоци, Македонското кредитно биро, Давателите на податоци и Корисниците на податоци обезбедуваат заштита на податоците и воспоставуваат соодветни административни, технички и организациски мерки кои овозможуваат расположливост, интегритет и доверливост на податоците.
- При дефинирање на мерките на заштита се применуваат мерките предвидени во Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци донесен од страна на Дирекцијата за заштита на лични податоци.
- Македонското кредитно биро ги чува добиените податоци во период од пет години по исплатата на обврската или затворањето на сметката на субјектот.
- Во случај Македонското кредитно биро да престане со работа, податоците се пренесуваат на соодветен медиум кој обезбедува соодветна заштита и се чуваат во Архивот на Република Македонија во рок од пет години од денот на престанок на Македонското кредитно биро.

## ОДГОВОРНОСТ

- Македонското кредитно биро не сноси одговорност заради податоците содржани во Извештајот или за каква било неповолна активност преземена од Корисникот на податоците спрема Субјектот на податоците, заснована целосно или делумно на Извештајот, освен во случај на доставување на лажни информации со цел да му наштети на Субјектот на податоци или на Давателот на податоци или на Корисникот на податоци.